## Совети за родители на деца од 2-3 години кои не употребуваат говор

## Стимулација на детето да употребува говор

Возраста помеѓу втората и третата година е многу значаен период за правилен развој на говорот. Некои деца почнуваат да зборуваат пред да наполнат 2 години, а некои прозборуваат дури кон крајот на третата година.Почитувани родители во продолжение проследете неколку корисни совети и упатства за говорна стимулација кај децата да почнат да употребуваат говор.

**Корисни совети како да го поттикнете Вашето дете да зборува:**

• При секојдневните активности на детето, важно е секогаш родителите или оној кој се грижи за детето да го именува предметот што го користи или кој му го привлекува вниманието на детето, да се запознае како се вика тој предмет и за што се користи.

• Именување на предметите во непосредната околина, именување на храната, на мирисите и вкусовите кои се карактеристични за таа храна, на предметите во кујната, во дневната соба, во детската соба, во бањата, на тераса, во дворот...

• Кога детето покажува со прст кон нешто што сака или кон некој предмет кој сака да го добие, одбегнувајте вие да го именувате предметот наместо него, туку бидете трпеливи и почекајте прво детето да се обиде да го каже, а потоа да го добие тоа што го сака. Важо е да има обиди да го каже она што треба, а со тек на време ќе почне и точно да ги кажува зборовите.

• Кога играте пр. со топка ќе нагласувате по неколку пати: дај ја топката, фрли ја топката, земи ја топката, однеси ја топката кај мама, види ја топката, каде е топката и.т.н... Колку и да се повторува името на предметот што му го привлекува вниманието, тоа не може да ја попречи или да ја прекине активноста, туку само ќе ја продолжи. Ако тоналитетот на гласот и зборот му се интересни на детето, може да се обидува и да повторува по Вас.

• Секоја активност, како што се :миење, јадење, облекување, или пак игра:скокање и прескокнување, трчање,фрлање и додавање топка,  треба да се именуваат: Види Марко, тато скока, и тогаш Вие скокате, или кога детето ќе скокне Вие викате: ...ииииии, Марко скокна, чекај сега и јас ќе скокнам, и активноста се повторува со гестикулирање и со правење на гримаси при потскокнувањето за на детето да му биде интересно.

• Откако ќе се запознаете со Се околу Вас и ќе се обидете заедно да именувате предмети од околината, понатаму ќе почнете да барате од него тие работи да ги именува и да ја кажува активноста.  Ќе прашувате и ќе барате самото дете да каже . Прашувате:    Што сакаш ?    Што бараш  ?     Зошто ти е?

• Доколку користите бебешки говор во комуникацијата со Вашето дете, треба да прекинете веднаш или постепено, колку да се направи една преодна фаза. Треба да преминете кон изговарање на зборовите со правилен изговор и акцент, со сите букви кои ги содржи зборот. Доколку правите преоден период / говор, тој треба да трае многу кратко, колку да се запознае детето дека двата начини на изговарање на зборот се однесуваат на иста работа, на ист предмет.

• Една од важните работи за поттикнување на говорот е читањето приказни на мајчин јазик. Важно е да се избегнува долго гледање на ТВ, особено содржини на друг јазик различен од мајчиниот.

• Важно е и гледањето сихронизирани цртани филмови на мајчин јазик. Пуштете ги цртаните дури и кога детето не им обрнува внимание. Важно е да го слуша говорот, како на родителите и домашните со кои постојано има комуникација, така и од телевизијата. Важно е гледањето телевизија да се сведе на минимум, бидејќи детето сеуште има потреба од многу интеракција, игра, движење и доживување на различни ситуации од кои постојано учи.

• Важно за поттикнување на говорот кај детето е и слушањето песнички на мајчин јазик. Детските песнички покрај тоа што го стимулираат говорот, многу корисно влијаат и на развивање на позитивни чувства кај децата. Додека ја пеете песничката истовремено играјте и движете се по ритамот на мелодијата. Пејте и играјте заедно и Вашето дете ќе биде многу задоволно и мотивирано.